**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11. 12. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5498 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје, издавач на весникот „Независен", и тоа:

- изданието бр.11 на весникот „Независен" од 11 декември 2017 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 11 декември 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачот на печатен медиум, Друштвото за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје, ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и; назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје, издавач на весникот „Независен", во изданието бр.11 од 11 декември 2017 година, не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Со надзорот на Друштвото за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје е утврдено дека издавачот на печатен медиум не ги објавил податоците за:

- адресата на уредништвото на издавачот на медиумот,

- адресата на печатницата и
- датумот на печатење или препечатување.

8. **Предлог мерка:** Имајќи предвид дека во текот на 2017 година Друштвото за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје не е опоменето за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми, согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 29 став 2 од Законот за медиуми, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година) да му даде рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил) по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***